АПЕЛАЦИОНЕН СУД
Су.бр.1101/19
05.11.2019 год.
ШТИП

Судскиот администратор, на Апелациониот суд Штип, Александар Парчеклиев, врз основа на член 36 од Законот за судска служба (Сл.весник бр.43/14, 98/15,6/16,198/18 и 248/18,), по спроведената постапка во врска со објавениот Јавен оглас бр.2/2019, за вработување на судски службеници, за работно место со звање Виш судски референт – координатор на техничка служба категорија со ниво Г2 - 1 (еден) извршител, на неопределено време а по доставениот Предлог на кандидат за вработување Су.бр.1101/19 од 05.11.2019 година од страна на Комисијата за селекција за вработување, на ден 05.11.2019.година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**За ибор на судски службеник**

За работно место Координатор на техничка служба со звање Виш судски референт – категорија и ниво Г2, 1 (еден) извршител, на неопределено време, а по распишаниот јавен оглас бр.2/19, се избира кандидатот:

**Наце Толев** ул „Палмиро Тољати" бр. 114 Скопје

Решение за вработување со избраниот кандидат ќе се донесе по правосилноста на оваа одлука.

**О б р а з л о ж е н и е**

Од страна на Апелациониот суд Штип во дневните весници „Слободен печат" и ,,Лајм" од 25.09.2019 година, објавен е Јавен оглас бр.2/2019 за вработување на судски службеник на непоределено време за работно место со звање Виш судски референт – координатор на техничка служба, категорија и ниво Г2", 1 (еден) извршител.

По спроведената постапка за вработување од страна на Комисијата за селекција за вработување, согласно Законот за судска служба и Правилникот за формата и содржината на јавниот оглас, формата, содржината и начинот на поднесување на пријавата, на спроведување на административната селекција,за испитите, проверката на веродостојноста на доказите и интервјуто, како и начинот на нивно бодирање и максималниот број на бодови од постапката за селекција во зависност од категориите на работните места, како и други прашања во врска со постапката за вработување на судски службеници„ (Службен весник на РМ

бр.236/18 од 24.12.2018 година), до Судскиот администратор доставен е Предлог на кандидат за вработување Су.бр.1101/19 од 05.11.2019 година, во кој е наведено дека за кандидат за вработување на неопределено време се предлага Наце Толев од Скопје Ул. „Палмиро Тољати" бр 114, Македонец, со шифра Асш1209в, со вкупно освоени 78,15 бодови од сите фази на селекцијата, кој е прв на ранг листата односно најдобро рангиран кандидат.

Од увидот во списите се утврдува дека на огласот се јавиле тројца кандидати и тоа Славчо Темов од Штип, Стојан Нацев од Штип и Наце Толев од Скопје. Кандидатот Славчо Темов од Штип со шифра Асш1209а не го положил испитот, бидејќи освоил само 14,5 бода од стручниот дел од испитот, а кандидатот Стојан Нацев од Штип со шифра Асш1209б, од сите фази на селекцијата бил второ рангиран, со освоени вкупно 73,02 бода.

Судскиот администратор имајќи го во предвид Предлог на кандидат за вработување Су.бр.1101/19 од 05.11.2019 година, доставен од Комисијата за селекција за вработување, одлучи за работно место со звање Виш судски референт – координатор на техничка служба, категорија и ниво Г2, на неопределен време, а по распишаниот јавен оглас 2/19, да го избере Наце Толев од Скопје, кој е најдобро рангиран кандидат со освоени 78,15 бодови во сите фази на селекцијата.

Поради горе наведеното Судскиот администратор, согласно член 36 од Законот за судска служба одлучи како во изреката на одлуката.

Судски администратор
Александар Парчеклиев с.р.

ПРАВНА ПОУКА:

Против оваа одлука кандидатот кој не е избран има право на жалба
во рок од 8 дена од приемот на одлуката за избор до Советот на судска служба.